**ТД МАКОШПЕД АД**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 49 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД - СКОПЈЕ и член 383 и чл.479 став 2 од Законот за трговски друштва, Одборот на Директори на својата седница одржана на ден 18.04.2022 година, го дава следното мислење

## М И С Л Е Њ Е

***за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на друштво за 2022 година***

Одборот на директори за назначување на овластено ревизорско друштво кое ќе изврши ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје за деловната 2022 година, го предлага овластено ревизорско друштво ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.

ТД МАКОШПЕД АД Скопје во текот на месец Март 2022 година достави барања до овластените ревизорски друштва МУР СТИВЕНС ДОО Скопје,ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и ЕФЕКТ ПЛУС членка на PKF INTERNATIONAL од кои побара да дадат свои понуди за ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на Друштвото за деловната 2022 година.

До Друштвото пристигна две понуди, од кои понудата на овластеното ревизорско друштво ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7408650 е најповолна.

По разгледување на понудите Одборот на директори до Собранието на акционери на ТД МАКОШПЕД АД Скопје за 2021 година, имајќи ја предвид квалитетната и успешната соработка во изминатите години,искуството на тимот на ревизорска куќа и долгогодишното постоење на ревизорска куќа го доставува ова мислење, со кое предлага да се избере овластено ревизорско друштво ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје за деловната 2022 година,

***Број 02-98/9***

***18.04.2022 година***

***ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ***

***Претседател,***

***Лидија Трајковиќ***

____________________